<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">МЕЃУНАРОДНО ТРУДОВО ПРАВО</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">//</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Постдипломски курс Деловно право – модул Б</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">втор</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Прва година, втор семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6 (шест)</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф.Д-р.Тодор Каламатиев (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>Доц.Д-р. Лазар Јовевски<br>(предметен наставник)<br>Доц.Д-р.Александар Ристовски<br>(предметен наставник)</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">нема</td></tr>
<tr><td rowspan="2">10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td colspan="5">Изучувањето на предметната програма „Меѓународно трудово право” на студентите ќе им овозможи:<br><br>-да се запознаат со причините за создавањето, условите за опстанок и перспективите за развој на меѓународното трудово право и законодавство<br><br>- да се запознаат со меѓународните организации кои исклучително или делумно регулираат одредени прашања од областа на трудот и работните односи<br><br>- да ги проучуваат актите кои ги усвојуваат релевантните меѓународни организации и кои имаат својство на меѓународни извори на трудовото право<br><br>- да се запознаат со улогата, надлежностите и структурата на Меѓународната Организација на Трудот (МОТ) како најважна меѓународна организација во сферата на трудот<br><br>- да ги проучуваат активностите на МОТ и меѓународните стандарди на трудот (т.е. Конвенциите и Препораките) со кои се уредуваат одредени аспекти од сферата на трудовото право и социјалното осигурување</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | - да ја определат положбата на Република Македонија и македонското работно законодавство vis-à-vis меѓународните организации кои ги уредуваат прашањата во сферата на трудот на меѓународен план и актите кои ги усвојуваат овие организации | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Меѓународното трудово право ја проучува и уредува материјата од областа на меѓународната регулатива на трудот и меѓународните извори на трудовото право. Оваа научна дисциплина е невозможно да се проучува надвор од меѓународните организации кои учествуваат во создавањето и унапредувањето на меѓународното работно законодавство. Меѓународни организации кои претставуваат носители на меѓународниот трудовоправен поредок се: Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Меѓународната Организација на трудот (МОТ), како и останатите регионални организации кои уредуваат определени прашања од сферата на трудот.<br><br>Меѓународното трудово право и законодавство опфаќаат широк корпус на прашања со кои се регулираат работните односи и социјалното осигурување во меѓународни рамки. Тука спаѓаат прашањата во врска со вработување, заштитата на работниците при работа воопшто и особено на одделните категории лица (жените, децата и младите, постарите работници, странските работници и мигрантите), условите за работа, социјалната заштита и осигурувањето и др.<br><br>Предметната програма „Меѓународно трудово право" е составена од три дела: Прв дел – Општи и основни прашања во врска со меѓународното трудово право и Втор дел – Меѓународна организација на трудот и Трет дел – Содржина на меѓународните норми на МОТ.<br><br>Првиот дел ги уредува воведните аспекти од создавањето на меѓународното трудово право и законодавство и изворите на меѓународното трудово право. Во рамките на овој дел, посебно внимание се посветува на меѓународните стандарди на трудот како акти кои ги усвојуваат органите на Меѓународната Организација на трудот (МОТ). Покрај нив, предмет на проучување се и актите усвоени во рамките на другите универзални и регионални организации (ООН, Советот на Европа и сл.), но и останатите извори на меѓународното трудово право (билатералните договори).<br><br>Вториот дел е посветен на Меѓународната Организација на Трудот (МОТ) како најбитна меѓународна организација која го создава и унапредува меѓународното трудово право. Во рамките на овој дел се проучуваат различни аспекти од положбата, организационата структура и активностите на МОТ.<br><br>Третиот дел се однесува на меѓународните стандарди на трудот кои се усвојуваат во рамите на органите на МОТ. Во овој дел, се проучуваат актите на МОТ (пред се Конвенциите и Препораките), систематизирани во различни групи на сродни прашања. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата.<br>- Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br>✓ Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност<br>✓ Финалната оцена не може да надмине 100 поени | |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени**. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | Согласно интерните акти на факултетот | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонскијазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Старова.Г, | Меѓународно Трудово Право | НИП Ѓурѓа | Скопје, 1999 |

| | 22.2 | **Дополнителна литература** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Ravnič.A. | Osnove radnog prava | / | Zagreb, 2004 |
| | | **2.** | Šunderić. B.M, | *Pravo Međunadordne organizacije rada* | Pravni fakultet u Beogradu | Beograd, 2001 |
| | | **3.** | Učur.M., Laleta.S. | Konvencije Međunarodne organizacije rada – S Komentarima | TIM press | Zagreb, 2007. |